**20261031569**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 53 од Законот за рамномерен регионален развој (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.24/21, 174/21 и 241/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 мај 2026 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈАТА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ ВО 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се доделуваат средства за финансирање на проекти за развој на подрачја со специфични развојни потреби во 2026 година во вкупен износ од 22.345.950,00 денари, наведени во Листата на проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби во 2026 година, која е дадена во Прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 2

Доколку Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој утврди ненаменско трошење на средствата кои ќе бидат распределени, корисниците на средствата согласно оваа одлука, истите треба во целост да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-4248/7
12 мај 2026 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.

**ЛИСТА НА ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈАТА СО СПЕЦИФИЧНИ РАЗВОЈНИ ПОТРЕБИ ВО 2026**

| **Ред. бр.** | **Назив на проектот** | **Поднесител на проектот** | **Предлог Буџет** |
|---|---|---|---|
| 1 | Заштита на животната средина преку набавка на канти за комунален отпад | Општина Дебрца | **900.000,00** |
| 2 | Набавка на механизација за одржување на локалните патишта во села со специфични развојни потреби во Делчево | Општина Делчево | **2.000.000,00** |
| 3 | Реконструкција на локална улица 2 во село Страхојадица, Општина Зелениково | Општина Зелениково | **500.000,00** |
| 4 | Набавка на комунално возило за собирање смет | Општина Ново Село | **2.300.000,00** |
| 5 | Уредување со поставување урбана опрема локалитет Стар даб, село Марчино | Општина Пробиштип | **2.727.688,00** |
| 6 | Набавка на мултифункционално возило за одржување на јавни површини и зимско одржување | Општина Сопиште | **2.900.000,00** |
| 7 | Изградба на тротоари на регионален пат Р1203 делница с. Одри, општина Теарце | Општина Теарце | **4.102.722,00** |
| 8 | Набавка на урбана опрема клупи и корпи за отпад | Општина Центар Жупа | **850.000,00** |
| 9 | Изработка на техничка документација за реконструкција на дел од ул.„Скопска“ во с.Зрновци. Општина Зрновци | Општина Зрновци | **180.540,00** |
| 10 | Еко-Пулс на руралните заедници по течението на реката Коселска и нејзините притоки | Организација за рурален туризам, екологија и традиција - ОРТЕТ - село Куратица - Охрид | **785.000.00** |
| 11 | Уредување на рекреативниот простор кај природното езеро во Вратница | Здружение за екологија, образование, култура, спорт и туризам GreenForum | **1.700.000,00** |
| 12 | Чистење, продлабочување и проширување на речното корито на Слатинска река во с. Слатино | Здружение за образование, култура, туризам и екологија РЕНЕСАНСА 2019 | **3.400.000,00** |
| | | **Вкупно:** | **22.345.950,00** |